## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА (2 ИЗВРШИТЕЛИ) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлуката бр. 2502-182/16 и Решение 2502-182/35, 36, 37 донесени на 122. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 12 август 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на за асистент-докторанд за научната област стоматолошка протетика (2 извршители) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- проф. д-р Драгољуб Велески (претседател), редовен професор во пензија, област стоматолошка протетика;
- проф. д-р Ерол Шабанов (член) редовен професор во пензија, област стоматолошка протетика;
- проф. д-р Цена Димова (член) вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, област орална хирургија.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Нова Македонија“ бр. 23216, „Утрински весник“ бр. 4525 и „Коха“ бр. 2243 на 4 јули 2014 година и во предвидениот рок на него се пријавија помлад асистент д-р Катерина Златановска и помлад асистент д-р Јулија Заркова, вработени на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатките, особена чест и задоволство ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***I.*** Библиографски податоци за помлад асистент ***д-р Катерина Златановска***

Кандидатката помлад асистент **д-р Катерина Златановска** е родена на 27 декември 1980 година во Куманово, каде што завршува основно и средно гимназиско образование (природно-математичка насока) со континуиран одличен успех 5,00. Во учебната 1999/2000 година се запишува на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје на шестгодишни студии. На 10 мај 2006 година ги завршува студиите со среден успех 9,29 и се стекнува со звањето дипломиран доктор по стоматологија. По завршување на приправничкиот стаж и полагање на државен испит се стекнува со работна лиценца за стоматологија. Од 2007 до 2011 година работи како матичен стоматолог во Поликлиника „Карпош” во Куманово.

Во 2011 година д-р Катерина Златановска е избрана за помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, при што се вработува како соработник - помлад асистент на студиската програма по стоматологијата и на Високата здравствена школа за стручни забни техничари – протетичари.

Во октомври 2011 година се запишува на специјализација по стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и сите предвидени турнуси и колоквиуми од програмата ги реализирала и моментално пом. асистент д-р Катерина Златановска е пред финализација на специјалистичкиот испит.

Во 2012 година се запишува на трет циклус студии - докторски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје од областа стоматолошка протетика под менторство на проф. д-р Љубен Гугувчевски.

Активно се служи со англискиот јазик.

II. Законски и правилнички услови што треба да ги исполнува кандидатката за избор во звањето асистент-докторанд (чл. 125-а од ЗВО и чл. 21 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни***, научни и наставни*** звања на УГД)

1. Завршен втор циклус студии од соодветното научно подрачје: кандидатката д-р Катерина Златановска има завршено шестгодишни студии на Стоматолошкиот факултет (еквивалент на **360 ЕКТС**). Студент е на трет циклус студии и е на специјализација од областа на стоматолошка протетика.
2. Остварен просечен успех од најмалку 8,50 на студиите на прв и втор циклус студии, за секој циклус посебно: кандидатката има среден успех од 9,29.
3. Познавање од англиски јазик кое се докажува со меѓународно признаена потврда и тоа – TOEFEL - најмалку 74 бода за електронско полагање преку компјутер не постар од две години од денот на издавањето, IELTS - најмалку 6 бода не постар од две години од денот на издавањето, TOLES - базично познавање (Foundation level), ILEC - положен со успех најмалку Б2 (B2) и Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски (Cambridge Cerficate of Preliminary English - B1) – кандидатката д-р Катерина Златановска има поднесено валиден меѓународен Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски јазик, напредно ниво Б**2.**
4. Покажува способност за наставно-научна дејност и педагошка работа – кандидатката Златановска има приложено две препораки од професори за соодветната научна област за која се врши изборот.
5. Има објавено седум научни труда ***/статии во домашни или меѓународни списанија*** (од реф. 16 до 23 - автор е на три, а коавтор на четири - минимум потребен е еден):

Veleski D, Veleska-Stefkovska D, Antanasova M, **Zlatanovska K.** Evaluation of two different types of extra-coronal frictional attachments with plastic matrices in contemporary dental prosthodontics. Balkan Journal of Stomatology, 2013, 17 (3): 134-138. ISSN 1107-1141.

***III. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност (НО + НИ)***

Уште со вработувањето на Факултетот за медицински науки, д-р Катерина Златановска активно е вклучена во едукативниот процес, во изведувањето на вежбите за поголем дел од стручните предмети од областа на стоматологија, односно стоматолошка протетика.

Како помлад асистент евидентно е нејзиното поседување на висок степен на теоретска и стручна подготвеност, изграден висок педагошки приод во презентирањето на наставната програма, со помош на едноставен и јасен начин ги презентира методските единици од програмата на вежбите по стручните предмети на студиските програми Стоматологија и Стручни студии за забни техничари – протетичари. Во учебните години 2011/2012, 2012/2013 и 2013/2014 ја реализирала практичната настава по следниве предмети на студиската програма по стоматологија:

- Претклиничка мобилна протетика (тотална протеза) (2+3+1);
- Претклиничка мобилна протетика (парцијална протеза) (2+3+1);
- Претклиничка фиксна протетика 1 (1+3+1);
- Претклиничка фиксна протетика 2 (1+3+1);
- Гнатологија (1+1+1);
- Клиничка мобилна протетика (тотална протеза) (2+5);
- Клиничка мобилна протетика (парцијална протеза) (2+4+1).

Во учебните години 2011/2012, 2012/2013 и 2013/2014 ја реализирала практичната настава по следниве предмети на стручните студии за забен техничар протетичар:

- Вовед во стоматолошка протетика (2+2+1);
- Мобилна протетика-тотална протеза 1 (1+4+1);
- Мобилна протетика-парцијална протеза 1 (1+4+1);
- Гнатологија (2+1+1);
- Скелетирана парцијална протеза 2 (1+5+1);
- Фиксна протетика 3 (2+4+1);
- Дентална имплантологија (2+3+1) и
- Стоматолошка керамика (2+5+1).

За потребите на наставата по предметите Имплантологија и Дентална имплантологија, д-р Катерина Златановска учествувала како коавтор во изработка на текстот на две учебни помагала со наслов „Дентална имплантологија” скрипта и практикум, на македонски јазик.

Во мај 2014 година таа е коментор на две студентски теми – постер презентација со наслов „Критериуми за избор на атечмени” и „Корелација помеѓу формата на максиларниот алвеоларен лак и обликот на лицето” на 21. Научен конгрес на студентите по стоматологија со меѓународно учество во Охрид, во организација на Стоматолошкиот факултет од Скопје.

Како млад истражувач во 2014 година е вклучена во научноистражувачкиот тим (Димова Ц. и сор.) за изработка на националниот научноистражувачки проект под наслов „Дентална *морфологија на хумани трајни заби: екстерна и интерна анатомија на корени и коренски канални системи – експериментална студија (*Dental morphology of human permanent teeth: external and internal anatomy of roots and root canal system –an experimental study)*”*, со поддршка на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

Исто така, од 2014 година д-р Катерина Златановска е дел од научниот и стручен тим под раководство на проф. д-р Цена Димова, на Лабораторијата за стоматолошка научноистражувачка работа на Факултетот за медицински науки, УГД, која е основана со поддршка од МОН и Владата на Р. Македонија.

Објавени научни и стручни трудови (Учество на Конгреси, конференции и семинари од <u>областа на стоматолошка протетика</u>, кратка научна евалвација, со посебен осврт на научните квалитети на истиот):

1. Златановска Катерина**,** Димова Ц, Радеска А, Заркова Ј, Папакоча К. Современи естетски решенија – порцелански фасети. Научно-стручен собир на Факултетот за медицински науки, Штип, Македонија, 21 декември 2012:30

Авторите во овој труд покажуваат дека порцеланските фасетки се одлично решение за оние пациенти кај кои се потребни мали промени во нијансата и изгледот на забите, при што се отстранува минимално од забната супстанца за да се добие посакуваниот естетски ефект. Потврдена и ниската стапка на фрактури, расцементирање на истите, како и висок степен на степен на задоволство од постигнатиот ефект кај пациентите.

Трудот има стручна и апликативна важност.

2. **Zlatanovska Katerina**, Zarkova J, Radeska A, Papakoca K, Kovacevska I, Popovska L. Esthetic restoration without preparation (case report). 18th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Skopje, 25-28 Apr 2013:465

Естетски реставрации кои целосно ја обновуваат формата, бојата и функцијата на забот може да се извршат и со минимална и без препарација на забот. Ова е клинички случај каде што пациентот со ирегуларна форма на горниот латерален инцизив е третиран со композитна фасета без претходна препарација на забот. Дури и по период од шест месеци нема промени во бојата, формата, како и маргиналната адаптација на фасетата. Со трудот е докажано дека оваа индиректна метода за производство на композитни фасети на интактни заби е неинванзивна и клинички успешна процедура со високо естетски резултати.

Трудот поседува стручна и апликативна вредност**.**

3. **Zlatanovska Katerina**, Zarkova J, Radeska A, Papakoca K, Dimova C. Prevalence and morphological variability of torus palatinus and torus mandibularis. 19th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Belgrade, Serbia. 24-27 Apr 2014:153

Оралните торуси, како непатогени и бенигни егзостози имаат големо влијание во дијагнозата и планот на протетската терапија. Со трудот се испитува преваленцијата на двата торуса, torus palatinus и torus mandibularis, како и нивните морфолошки варијации во зависност од возраста и полот кај пациентите од штипскиот регион.

Трудот има стручна и апликативна значајност.

4. Златановска Катерина**,** Мијајлевска М, Колева А. Критериуми за избор на атечмени. 21. Меѓународен научен студентски конгрес, Охрид, Македонија, 9-11 мај 2014:81

Во трудот се потенцира важноста за правилна селекција на видот и големината на атечменот, при што ќе се олесни работата на докторот за подобар план на терапија при изработка на современи парцијални протези. Објаснето е дека не постојат универзални

атечмени. При критериумите за нивен избор секогаш треба да се води сметка за морфологијата и големината на ретенциониот заб, неговата положба во забната низа, состојбата на забната супстанција, големината на интерденталната папила, како и начинот на вградување и финансиската состојба на пациентот.

Трудот поседува стручно-научна и апликативна вредност.

5. Златановска Катерина**,** Ертекин Е, Гошевска М. Корелација помеѓу формата на максиларниот алвеоларен лак и обликот на лицето. 21. Меѓународен научен студентски конгрес, Охрид, Македонија, 9-11 мај 2014:74

Авторите во овој труд го испитуваат постоењето на евентуална корелација помеѓу морфологијата на максиларниот алвеоларен лак и обликот на лицето кај машки и женски индивидуи. Анализирани се дигитални фотографии од лицето и гипсени модели од горната вилица кај пациенти без значајни нарушувања на оклузијата и без претходни ортодонтски третман.

Трудот поседува стручно-научна и апликативна важност.

***Учество на конгреси од други научни области:***

6. Radeska A, Radeski J, **Zlatanovska Katerina,** Papakoca K, Zarkova J. Treatment with active orthodontic mobile appliance in adult patient. 17th Congress of the Balkan Stomatological Society, BaSS 2012, Developing of Dentistry, Tirana, Albania, 3-6 May 2012:122.
7. Radeska A, Radeski J, **Zlatanovska Katerina.** Orthodontic – prosthetic treatment of adult patients with forced. Macedonian Orthodontic Society, Second International Congress, Skopje, 17-20 May 2012:60.
8. Папакоча К, Димова Ц, Радеска А, Златановска К**aterina,** Заркова Ј, Нашкова С. Аугментација на ресорбирани алвеоларни гребени и реконструкција со дентални импланти приказ на случаи. 6th Macedonian Dental Congress with International Partipation Ohrid, Macedonia, 24-27 May 2012: 140-141.

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр. 122 од 15.4.2014 година (реф**.** бр**. 24).**

9. Заркова Ј, Ковачевска И, Поповска Л, Папакоча К, Златановска Катерина. Естетска реставрација без препарација. Научно-стручен собир на Факултетот за медицински науки, Штип, Македонија, 21 дек. 2012, стр. 25-26.
10. Радеска А, Пановски К, Златановска Катерина**,** Папакоча К, Поповски С. Што се мобилни плочести апарати, предности и недостатоци. Научно-стручен собир на Факултетот за медицински науки, Штип, Македонија, 21 дек. 2012, стр. 26-27.
11. Zarkova J, Dimova C, **Zlatanovska Katerina**, Papakoca K, Popovska L. IN VITRO Reliability of intra-oral spectrophotometer. 18th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Skopje. 25-28 Apr 2013:114.
12. Zarkova J, **Zlatanovska Katerina**, Radeska A, Papakoca K, Foteva K. Solution for multiple diastemas (a case report). 19th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Belgrade, Serbia. 24-27 Apr 2014,pp. 143-144.
13. Foteva K, Zarkova J, **Zlatanovska K**. Treatment modalities of fractured maxillary incisors with pulp exposure (case report). 19th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Belgrade, Serbia, 24-27 Apr 2014 ;230.
14. Papakoca K, Dimova C, Filipovski V, Papakoca V, Zarkova J, **Zlatanovska Katerina**. Hard tissue preservation after tooth extraction – a case report. 19th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Belgrade, Serbia, 24-27 Apr 2014, 179-180.
15. Dimova C, Kovacevska I, Veleski D, Sabanov E, Zarkova J, **Zlatanovska Katerina**. E-learning implementation of dental morphology in preclinical and clinical education process. Regional higher Education Conference Quality of Assessment, Qualification and Evaluation in Higher Education, Tetovo, Macedonia. 20 June 2014.

Трудови/статии во домашни или меѓународни списанија, публикации, годишници и зборници (од област на стоматолошка протетика)

16. Златановска Катерина. Порцелански забни фасетки. Medicus, информативен гласник на јавното здравство – Штип. 2011 (13):24. ISSN 1857-5994.

Во трудот се претставени и опишани порцеланските забни фасетки како современи

естетски решенија кои ги задоволуваат новите побарувања што се поставуваат за убава и атрактивна насмевка.

Трудот има стручна и апликативна важност.

17. Златановска Катерина, Радеска А. Стоматопротетски третман кај повозрасната популација. Medicus, информативен гласник на јавното здравство – Штип, 2012 (14): 29. ISSN 1857-5994.

Тоталните забни протези како средство за стоматопротетско лечење на беззабите пациенти ги надополнуваат изгубените заби и делови од алвеоларниот гребен и ги обновуваат нарушените моторни функции. Терапијата на овие пациенти претставува долготраен процес, но ни остварената терапија не е трајно решение. Затоа истите треба да бидат под периодична и трајна контрола, со што можните штетни влијанија би се свеле на минимум.

Трудот поседува стручна и апликативна вредност.

18. Златановска Катерина, Радеска А, Заркова Ј. Миофацијален болен дисфункционален синдром. Medicus, информативен гласник на јавното здравство – Штип 2012, 3(15):27-28. ISSN 1857-5994.

Миофацијален болен дисфункционален синдром (МБДС) како функционална миоартропатија и едно од најчестите заболувања на стоматогнатниот систем е опишано во овој труд. Презентирани се и етиолошките фактори, текот на дијагностицирање и терапијата на оваа заболување.

Трудот е со стручна и апликативна важност.

19. Veleski D, Veleska-Stefkovska D, Antanasova M, **Zlatanovska Katerina.** Evaluation of two different types of extra-coronal frictional attachments with plastic matrices in contemporary dental prosthodontics. Balkan Journal of Stomatology, 2013, 17(3): 134-138. ISSN 1107-1141.

Авторите на овој труд ги испитуваат предностите и недостатоците на екстракоронарните атечмени со пластични матрици, испитувајќи 2 вида на ретенциони системи. Резултатите потврдиле дека и двата AcryLock и Vario-Soft 3 атечмени овозможуваат добра ретенција, со дополнителна опција за дозирана ретенција употребувајќи различни пластични матрици. Потврдена е и нивната долготрајност, едноставна и лесна манипулација.

Трудот поседува стручно-научна и апликативна значајност.

Трудови/статии во домашни или меѓународни списанија, публикации, годишници и зборници <u>од други области</u>

20. Заркова Ј, Златановска Катерина, Радеска А. Атипична одонталгија (фантомска болка). Medicus, информативен гласник на јавното здравство – Штип. 2012,7 (15):28-29. ISSN 1857-5994.
21. Радеска А, Поповски С, Златановска Катерина, Заркова Ј. Ризици во тек на ортодонтскиот третман - I дел. Medicus, информативен гласник на јавното здравство – Штип 2013, 8(18):27-28. ISSN 1857-5994.
22. Радеска А, Поповски С, Златановска Катерина, Заркова Ј. Ризици во тек на ортодонтскиот третман – II дел. Medicus, информативен гласник на јавното здравство – Штип 2014, 9(19):27-28. ISSN 1857-5994.

***Учебни помагала:***

23. Димова Цена, Папакоча Киро, Златановска Катерина, Заркова Јулија. Дентална имплантологија - скрипта. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2014.

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр. 119 од 3 март **2014 година.** http://eprints.ugd.edu.mk/10083/

24. Димова Цена, Папакоча Киро, Златановска Катерина, Заркова Јулија Дентална имплантологија - практикум. Универзитет Гоце Делчев, Штип, 2014.

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр. 119 од **3** март **2014 година**. http://eprints.ugd.edu.mk/10081/

***IV. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (СА + ОР)***

Учество на научни конференции, стручни расправи, симпозиуми, собири, промоции и трибини:

- 17th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS) Tirana, Albania, 3-6 May 2012.
- 2nd International congress of Macedonian Orthodontic Society, Skopje, Macedonia,17-20 May 2012.
- 6th Macedonian Dental Congress with International participation, Ohrid, Macedonia, 24-27 May 2012.
- Научно - стручен собир на Факултетот за медицински науки Штип, 21 декември 2012.
- 18th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Skopje, 25-28 Apr 2013.
- 19th Congress of the Balkan Stomatological Society, BaSS, Belgrade, Serbia, 24-27 Apr 2014.
- 21. Меѓународен научен студентски конгрес по стоматологија, Охрид, 9-11 мај 2014.
- Regional higher education conference quality of assessment, qualification and evaluation in higher education, Tetovo, 20 June 2014.

***Д-р Катерина Златановска присуствувала и на следниве меѓународни симпозиуми и конгреси:***

- „Алергии во стоматологијата”, Стоматолошки факултет – УКИМ, Скопје, 2008.
- Continuing education seminar for Ultradent products by Dr Renato De Toledo Leonardi, Скопје, 2008.
- 3. Меѓународен стоматолошки симпозиум од Стоматолошка комора на РМ, Битола, 2009.
- „Ургентни состојби во стоматологијата”, З.Г Стоматолошко здружение на Македонија, Куманово, 2009.
- „Темпоромандибуларни пореметувања, дилеми и решенија”, З.Г Стоматолошко здружение на Македонија, Куманово, 2010.
- „21 век – Нови предизвици за стоматолошката пракса”, Стоматолошки факултет – УКИМ, Скопје, 2010.
- „Актуелни технологии и биоматеријали во стоматологијата”, Стоматолошки факултет – УКИМ, Скопје, 2010.
- „Естетска стоматологија – протетска перфекција”, З.Г Стоматолошко здружение на Македонија, Куманово, 2011.
- „Примена на ласери во денталната медицина”, З.Г Стоматолошко здружение на Македонија, Куманово, 2011.
- „Естетска стоматологија – од пракса во пракса”, З.Г Стоматолошко здружение на Македонија, Куманово, 2012.
- „Импланти и имплантопротетика”, З.Г Стоматолошко здружение на Македонија, Куманово, 2012.
- „Дијагноза и терапија со различни видови протетски изработки”, Македонско стоматолошко друштво, Здружение на доктори специјалисти по стоматолошка протетика, Скопје, 2012.
- „Современа стоматолошка пракса”, З.Г Стоматолошко здружение на Македонија, Велес, 2013.
- Курс за препарација на заби за безметални надоместоци – коронки и фасети, обука од проф. д-р Данимир Јеремовиќ, З.Г Стоматолошко здружение на Македонија, Куманово, 2013.
- Научен симпозиум „Ризични пациенти, ризични состојби во стоматологијата”, УГД ФМН – Дентална медицина, Штип, 2014.

***Членство во организации, работни тела и комисии:***

- Стоматолошка комора на РМ;
- З.Г Стоматолошко здружение на Македонија;
- Етернитас – Професионално здружение на стоматолози, Скопје;
- 2012, 2013 и 2014 год. - член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;

– 2014 – учесник во Организациониот одбор за Научниот симпозиум „Ризични пациенти, ризични состојби во стоматологијата" УГД – ФМН, Штип.

***VI. Други достигнувања***

Странски јазици: група јужнословенски јазици (српски, хрватски и бугарски); англиски јазик (активно).

Компјутерски вештини: работа со Microsoft Office (MS Word, Power Point, Excel Publisher, CorelDRAW, Paint ).

Останати компетенции: Возачка дозвола – Б категорија; тимска работа, желба за учење, флексибилност, етичност итн.

***I. Биографски податоци за помлад асистент д-р Јулија Заркова***

Кандидатката **д-р Јулија Заркова** е родена на 27 април 1985 година во Штип, каде што го завршува основното образование со одличен успех. Средното образование насока Забен техничар-протетичар го завршува во ДСМУ „Јане Сандански" во Штип со континуиран успех 5,00.

Во 2003/2004 година се запишува на Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје на петгодишни студии по програмата ЕКТС. За време на студиите била на студиски престој во Универзитет Једитепе – Истанбул, Турција. По рекордното завршување на студиите во 2008 година се стекнува со звањето доктор на стоматологија со среден успех на завршени студии од 8,62 и 300 ЕКТС. Веднаш потоа се запишува на едногодишен приправнички стаж на ЈЗУ Стоматолошкиот клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје, така што со полагање на стручниот испит на 10 ноември 2009 година се стекнува со работна лиценца издадена од Стоматолошката комора на Македонија.

Како доктор по општа стоматологија волонтира во ПЗУ „Дент-естет" во Штип во септември 2009 година. Потоа во октомври 2009 година почнува да волонтира на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Како демонстратор /волонтер има ангажман во реализацијата на наставно- образовниот процес – практичната настава на базичните и стручните предмети на студиската програма Стоматологија и на Високата здравствена школа за стручни забни техничари – протетичари во зимскиот и летниот семестар во академските 2009/2010 и 2010/2011 година.

Во текот на 2011 година е избрана за помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, од областа на стоматологија каде што работи и денес.

Постдипломските студии од втор циклус (магистерски студии) ги запишува во 2012 година на Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од областа на стоматолошка протетика. Со положување на сите испити според предвидената програма на постдипломските студии остварува среден успех од 10,00. Во учебната 2012/2013 година одобрена ѝ е пријава на магистерски труд со наслов „Спектрофотометриска евалуација на бојата на природните заби во однос на три клучеви за избор на боја и нивната грешка на покривање" под менторство на проф. д-р Љубен Гугувчевски. Во моментов магистерскиот труд е во завршен процес на финализација.

Во 2014 година се запишува на специјализација од областа на стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

II. Законски и правилнички услови што треба да ги исполнува кандидатката за избор во звањето асистент-докторанд (чл. 125-а од ЗВО и чл. 21 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни***, научни и наставни звања на УГД)***

1. Завршен втор циклус студии од соодветното научно подрачје: кандидатката Заркова има завршен прв циклус на интегрирани студии од соодветното подрачје со освоени **300** ЕКТС кредити**.** Студент е на постдипломски студии и на специјализација од областа на стоматолошка протетика**.**
2. Остварен просечен успех од најмалку 8,50 на студиите на прв циклус студии и втор циклус, за секој циклус посебно: кандидатката има просек од прв циклус студии **8,62 и** од втор циклус **10,00.**

3. Познавање од англиски јазик кое се докажува со меѓународно призната потврда и тоа – TOEFEL - најмалку 74 бода за електронско полагање преку компјутер не постар од две години од денот на издавањето, IELTS - најмалку 6 бода не постар од две години од денот на издавањето, TOLES - базично познавање (Foundation level), ILEC - положен со успех најмалку Б2 (B2) и Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски (Cambridge Cerficate of Preliminary English - B1): кандидатката има поднесено валиден меѓународен Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски јазик напредно ниво Б2.
4. Покажува способност за наставно-научна дејност и педагошка работа (најмалку 25 поени): кандидатката Заркова има приложено две препораки од професори во соодветната научна област приложено во документите.
5. Има објавено пет научни труда / ***статии во домашни или меѓународни списанија*** (од реф. 20 до 24 - автор е на два, а коавтор на три статии- <u>минимум е потребен еден</u>):

Заркова Јулија, Златановска Катерина, Радеска Ана. Атипична одонталгија (фантомска забобола). Medicus, информативен гласник на јавното здравство – Штип, 2012, (15): 28-29. ISSN 1857-5994.

***III. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност (НО + НИ)***

Кандидатката д-р Јулија Заркова активно и успешно е вклучена во едукативниот процес и организација на наставата на Факултетот за медицински науки уште во почетокот на неговото формирање, учествувајќи активно во реализација на студиската програма по стоматологија и стручните студии за забен техничар-протетичар како демонстратор. Организаторските способности, високиот степен на теоретска и стручна подготвеност и изграден педагошки приод во презентирањето на наставната програма ја отсликуваат нејзината посветеност како помлад асистент на Факултетот избрана во 2011 година. Таа има добра репутација помеѓу студентите и со јасниот начин на презентација на методските единици од програмата за вежби го остварува изведувањето на наставата на овие студиски програми.

Во учебните години 2011/2012, 2012/2013 и 2013/2014 ја реализирала практичната настава по следниве предмети на студиската програма по стоматологија:

– Анатомија на вилици и дентална морфологија (2+2+1);
– Претклиничка мобилна протетика-тотална протеза (2+3+1);
– Претклиничка мобилна протетика-парцијална протеза(2+2+1);
– Претклиничка кариологија (2+3+1);
– Претклиничка ендодонција (1+3+1);
– Стоматолошка рендгенологија (2+2+1);
– Клиничка кариологија 1 (1+3+1);
– Клиничка кариологија 2 (1+4+1);
– Клиничка фиксна протетика 1 (1+5+1);
– Естетска стоматологија (1+1+1).

Исто така, во учебните години 2011/2012, 2012/2013 и 2013/2014 ја реализирала практичната настава по следниве предмети на стручните студии за забен техничар протетичар:

– Дентална морфологија (2+3+1);
– Естетска протетика (2+1+1);
– Фиксна протетика 4 (2+3+1);
– Дентална терапија (2+2+1).

За потребите на наставата по предметите Имплантологија и Дентална имплантологија, д-р Јулија Заркова учествувала како коавтор во изработка на текстот на две учебни помагала скрипта и практикум со наслов „Дентална имплантологија" на македонски јазик.

Во мај 2014 година таа е коментор на студентска тема – усна презентација со наслов „Значењето на обуката за прецизно одредување на бојата на забите" на 21. Научен конгрес на студентите по стоматологија со меѓународно учество во Охрид, во организација на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Како млад истражувач во 2013 и 2014 год. е вклучена во два научоистражувачки тима (со Ѓорѓеска Б. и сор., и Димова Ц. и сор.) за изработка на два национални научноистражувачки проекти со наслов „*Употреба на антисептици и средства за дезинфекција во здравствените институции во Република Македонија во период од пет години” и во вториот* „Дентална *морфологија на хумани трајни заби: екстерна и интерна анатомија на корени и коренски канални системи – експериментална студија”*, и двата со поддршка од Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

Исто така, од 2014 година д-р Јулија Заркова е дел од научниот и стручен тим, под раководство на проф. д-р Цена Димова, на Лабораторијата за стоматолошка научноистражувачка работа на Факултетот за медицински науки, УГД, која е основана со поддршка од МОН и Владата на Р. Македонија.

Објавени научни и стручни трудови од последниот избор до денес (учество на конгреси, конференции и семинари од обласа на стоматолошка протетика, кратка научна евалуација, со посебен осврт на научните квалитети на истиот):

1. **Zarkova Julija**, Popovska L, Radeska A. Indirect ceramic inlay restorations. 17th Congress of the Balkan Stomatological Society, BaSS 2012, Developing of Dentistry, Tirana, Albania, 3-6 May 2012:90

Во овој труд беше прикажан случај во кој изработивме со индиректен метод керамички реставрации Инлеј на премолари МОД класа со префектено добиени резултати и естетика, како и трајност и отпорност на маргинално попуштање.

Трудот има стручна и апликативна вредност.

2. Заркова Јулија, Ковачевска И, Поповска Л, Папакоча К, Златановска К. Естетска реставрација без препарација (приказ на случај). Научно-стручен собир Факултет за медицински науки, Штип, Македонија, 21.12.2012: 25-26.

Во овој труд се опишуваат современите композитни материјали кои имаат можност максимално да ги имитираат природните заби, прикажан е случај на естетска санација на заб со изработка на ламинат без препарација изработен од технички композит. Преку овој клинички приказ објаснета е изработката на индиректен композитен ламинат без препарација во функција на корекција на естетскиот момент. Притоа авторите заклучиле дека карактеристиките на материјалот, како што е лесната обработка, полирање до висок сјај, стабилност на бојата, висока транслуценција и природна опалесценција, трошење приближно еднакво како на природниот емајл и можноста за репарирање го прават овој композит високо индициран за изработка на овој вид ламинати.

***Трудот поседува стручно-научна и апликативна вредност.***

3. Заркова Јулија, Шабанов Е. Современ метод при изборот на боја во стоматологијата. Научно-стручен собир на Факултет за медицински науки, Штип, Македонија, 21.12. 2012, 12.

Евалуацијата на бојата во стоматологијата се врши со визуелни и инструментални методи. Визуелните се субјективни и само квалитативно ја изразуваат бојата на тој начин што визуелно ја споредуваме нијансата на забот со одредени стандарди за бои т.н. клучеви за бои. Кај инструменталните методи користиме разни видови апарати (колориметри, спектрорадиометри, спектрофотометри и дигитални камери) кои се многу попрецизни од човечкото око, пообјективни и притоа можат квантитативно да ги изразат добиените податоци. Целта на овој труд е да се прикаже современо клиничко одредување на бојата на забите со спектрофотометар, грешките кои можеме да ги направиме при употребата и да го објасниме значењето на вредностите E и L.

***Трудот има стручно-научна и апликативна значајност.***

4. **Zarkova Julija**, Dimova C, Zlatanovska K, Papakoca K, Popovska L. IN VITRO Reliability of intra-oral spectrophotometer. 18th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Skopje. 25-28 Apr 2013:114

Веродостојноста на информациите што ги нуди интраоралниот спектофотометар Specroshade Micro во ин витро услови авторите ги испитале со мерење на примероците од Vita Classical клучот. Притоа добиените резултати од ова испитување укажуваат на висока прецизност на овој инструмент, односно негова веродостојност од 97.2%.

***Трудот поседува стручно-научна и апликативна вредност.***

5. **Zarkova Julija**, Zlatanovska K, Radeska A, Papakoca K, Foteva K. Solution for multiple diastemas (a case report). 19th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Belgrade, Serbia. 24-27 Apr 2014:143-144

Авторите во трудот преку клинички случај презентираат можност за успешно и естетско решение кај пациент со мултипни дијастеми. Покрај долгогодишниот ортодонтски или класичен инвазивен протетички третман, се прикажува високо естетско решение користејќи неинвазивни методи и изработка на композитни ламинати.

Трудот има стручна и апликативна важност.

6. Заркова Јулија, Китаноска М, Ефтимова Ц. Значењето на обуката за прецизно одредување на бојата на забите. 21. Меѓународен научен студентски конгрес, Охрид, Р.Македонија. 9-11 May 2014: 40

Целта на овој труд беше да се утврди дали правилниот и прецизен избор на бојата на заби зависи од различниот степен на едукација, тренинг и познавања на методите кои се користат за нејзино спроведување. Испитаниците се тестирани со помош на специјална програма за одредување на боја ToothGuideTrainer-Final Exam. Од спроведеното истражување авторите заклучиле дека стручната обука има големо влијание во изборот и процената на бојата на забите, што значи и поголем придонес и подобар резултат во изработката на дефинитивата протетска конструкција.

Трудот поседува стручна значајност.

***Учество на конгреси од други научни области:***

7. Popovska L, **Zarkova Julija.** A correlation between clinical and pathohistological diagnosis of chronic periapical lesions. 17th Congress of the Balkan Stomatological Society, BaSS 2012, Developing of Dentistry, Tirana, Albania. 3-6 May 2012:91.
8. Radeska A, Radeski J, Zlatanovska K, Papakoca K, **Zarkova Julija**. Treatment with active orthodontic appliance in adult patient. 17th Congress of the Balkan Stomatological Society, BaSS: Developing of Dentistry, Tirana, Albania. 3-6 May 2012,119.
9. Папакоча К, Димова Ц, Радеска А, Златановска К, Заркова Јулија, Нашкова С. Аугментација на ресорбирани алвеоларни гребени и реконструкција со дентални импланти приказ на случаи. 6. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, Македонија, 24-27 мај 2012.119.
10. Поповска Л, Каранфиловиќ В, Заркова Јулија, Алексова П. Антибактериски ефект на Nd: YAG ласер кај инфицирани коренски канали. 6. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, Македонија, 24-27 мај 2012,21.
11. Папакоча К, Димова Ц, Папакоча В, Заркова Јулија, Радеска А. Предности при користење на алвеоларна коскена аугментација пред поставување на дентален имплант – приказ на клинички случај. Научно-стручен собир, Факултет за медицински науки, Штип, Македонија. 21 дек. 2012:27.
12. Златановска К, Димова Ц, Радеска А, Заркова Јулија, Папакоча К. Современи естетски решенија – порцелански фасети. Научно-стручен собир, Факултет за медицински науки, Штип, Македонија. 21 дек. 2012:30.
13. Zlatanovska K, **Zarkova Julija**, Radeska A, Papakoca K, Popovska L, Kovacevska I. Esthetic restoration without preparation (case report). 18th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Skopje, 25-28 April 2013; 465.
14. Petkovska Sofija, Gjorgjeska Biljana, **Zarkova Julija**. Use of antiseptic mouth rinses among dental students. 18th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Skopje, 25-28 Apr 2013:434.
15. Papakoca K, Dimova C, Filipovski V, Papakoca V**, Zarkova Julija,** Zlatanovska K. Hard Tissue Preservation after Tooth Extraction – a Case Report. 19th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Belgrade, Serbia, 24-27 Apr 2014:179-180.

16. Zlatanovska K, **Zarkova Julija,** Radeska A, Papakoca K, Dimova C. Prevalence and morphological variability of torus palatanus and torus mandibularis. 19th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), Belgrade, Serbia, 24-27 Apr 2014:153.
17. Foteva K, **Zarkova Julija,** Zlatanovska K, Treatment modalities of fractured maxillary incisors with pulp exposure (Case report). 19th Congress of the Balkan Stomatological Society (BaSS), , Belgrade, Serbia, 24-27 Apr 2014:230.
18. Димова Ц, Заркова Јулија, Роголева С, Новаковски В. Имплементација на е-учење и современите информатички технологии во наставниот процес на дентална медицина. 21. Меѓународен научен студентски стоматолошки конгрес, Охрид, Р. Македонија, 9-11 May 2014:46.
19. Dimova C, Kovacevska I, Veleski D, Sabanov E, **Zarkova Julija**, Zlatanovska K. E-learninig implementation of dental morphology in preclinical and clinical education process. In: Regional Higher Education Conference Quality of Assessment, Qualification and Evaluation in Higher Education, Tetovo, Macedonia, 20 June 2014.

***Трудови/статии во домашни или меѓународни списанија, публикации, годишници и зборници***

20. **Заркова Јулија.** ***Ран детски кариес „Кариес од шишенцето».*** *Medicus, информативен гласник на јавното здравство – Штип, 2012,(13):21-22. ISSN 1857-5994*

Овој труд го опишува раниот детски кариес или т.н. кариес од шишенцето како брзо напредувачки деструктивен процес кој ги зафаќа млечните заби. Во него се дадени главните етиолошки и епидемиолошки карактеристики на заболувањето, неговата најчеста локализација и начините на негова превенција како најважен заклучок и придонес од овој труд применливи во секојдневието на најмалите пациенти – децата.

Трудот има стручна и апликативна важност.

21. **Заркова Јулија,** Златановска К, Радеска А. ***Атипична одонталгија (фантомска забоболка***). *Medicus, информативен гласник на јавното здравство - Штип 2012,(15):28-29. ISSN 1857-5994.*

Овој труд целосно ја опишува атипичната одонталгија или фантомска болка, дефинирајќи ја нејзината појава, локализација, постојаност и интензитет. Објаснети се и најчестите причини, како и други фактори кои доведуваат до нивна појава. Како да се препознае и правилно дијагностицира употреба на скали за болка и соодветна терапија.

Трудот поседува стручна и апликативна вредност.

Трудови/статии во домашни или меѓународни списанија, публикации, годишници и зборници <u>од други области</u>

22. Златановска К, Радеска А, Заркова Јулија. М***иофацијален болен дисфункционален синдром.*** Medicus, информативен гласник на јавното здравство – Штип, 2012, 3 (15): 27-28. ISSN 1857-5994.
23. Радеска А, Поповски С, Златановска К, Заркова Јулија**.** ***Ризици во тек на ортодонтскиот третман – I дел***. Medicus *информативен гласник на јавното здравство Штип*, 2013, 8 (18): 27-28. ISSN 1857-5994.
24. Радеска А, Поповски С, Златановска К, Заркова Јулија. ***Ризици во тек на ортодонтскиот третман - II дел***. Medicus, *информативен гласник на јавното здравство Штип*, 2014, 9 (19): 27-28. ISSN 1857-5994.

***Учебни помагала:***

25. Димова Цена, Папакоча Киро, Златановска Катерина, Заркова Јулија. Дентална имплантологија - скрипта. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 2014.

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен на УГД бр. 119 од **3 март 2014 година.** http://eprints.ugd.edu.mk/10083/

26. Димова Цена, Папакоча Киро, Златановска Катерина, Заркова Јулија Дентална имплантологија - практикум. Универзитет Гоце Делчев, Штип, 2014.

Трудот е рецензиран во Универзитетски Билтен на УГД бр. 119 од **3 март 2014 година**. http://eprints.ugd.edu.mk/10081/

***IV. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (СА + ОР)***

Учество на научни конференции, стручни расправи, симпозиуми, собири, промоции и трибини:

- 15. Меѓународен конгрес на студентите по стоматологија, Охрид, Македонија, 29-31 мај 2008.
- Семинар „Актуелни технологии и биоматеријали во стоматологијата", Стоматолошки факултет, Скопје, март 2010.
- Пролетен симпозиум на ортодонтите на Република Македонија, Фацијални асиметрии ортодонски-хируршки аспект - Скопје, Македонија, март 2010.
- Симпозиум на Стоматолошкото здружение на Македонија, „Примена на ласери во денталната медицина" - Куманово, Македонија, 28 мај 2011.
- Пролетен симпозиум на македонското ортодонско друштво, „Детекција, превенција и третман на импактирани заби" - Скопје,15 април 2011.
- Симпозиумот на Стоматолошка комора на Македонија, „Современи доктрини во секојдневната стоматолошка пракса" - Битола, Македонија,10 април 2011.
- Учество на Школата за практикување на медицина базирана на докази модул 1, Факултет на медицински науки, Штип, 17-18 март 2012.
- 6. Конгрес на стоматолозите, Македонско стоматолошко друштво Охрид, 24-27 мај 2012.
- 17. Конгрес на Балканската стоматолошка асоцијација (BASS) - Тирана, Албанија, 3-6 мај 2012.
- 18. Конгрес на Балканската стоматолошка асоцијација (BASS) - Скопје, 25-28 април 2013.
- Симпозиум на Здружението на специјалисти по болести на забите и ендодонтот, „Современи реставрации и методи на конзервативната стоматологија" - Скопје, 14 септември 2013 г.
- 19. Конгрес на Балканската стоматолошка асоцијација (BASS) - Белград, Србија, 24-27 април 2014 г.
- „Ризични пациенти, ризични состојби во стоматологијата" УГД – ФМН, Штип, 29.3.2014 г.

***Курсеви и професионални усовршувања***

- Учество во програмата за студентска размена на Yeditepe University Faculty of Dentistry- Istambul, Turkey, 7-21 јули 2008 г.
- Еднодневен работен курс „Естетска препарација (со стапалка) и адхезивно цементирање на керамички конструкции" –МСД, Охрид, 25 мај 2012 г.
- Application Training, Kavo Everest CAD/ CAM, ФМН, УГД, Штип 11-13 септември 2012 г.
- Vident "Color ScienceTheory - Part 1 " - курс за континуирана едукација Brea California, 14 ноември 2012 г.
- „Практична употреба на дентален микроскоп Leica 320" - Македонското стоматолошко друштво, Скопје, Македонија, 2014 г.

***Членство во организации, работни тела и комисии:***

- Стоматолошка комора на РМ;
- З.Г Стоматолошко здружение на Македонија;
- Етернитас – Професионално здружение на стоматолози, Скопје;
- Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на ФМН, Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, 2012 г.;
- Учесник во Организациониот одбор за Научниот симпозиум „Ризични пациенти, ризични состојби во стоматологијата" - УГД – ФМН, Штип 29.3.2014 г.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и според приложената документација, кандидатките д-р Катерина Златановска и д-р Јулија Заркова и ги исполнуваат формалните и суштинските критериуми за избор во наставно - научно звање асистент-докторанд.

Д-р Катерина Златановска и д-р Јулија Заркова по изборот за помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип имаат покажано голема активност во полето на наставно-образовна (НО), научноистражувачка (НИ) и стручно-уметничка (СУ) активност, како и стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) способност, при што може да се констатира дека тие го надминуваат потребниот квантум за да бидат избрани во наставно-научно звање асистент-докторанд.

Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатките д-р Катерина Златановска и д-р Јулија Заркова да бидат избрани за асистенти - докторанди за наставно-научната област стоматолошка протетика / поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Драгољуб Велески, с.р.**
**Проф. д-р Ерол Шабанов, с.р.**
**Проф. д-р Цена Димова, с.р.**

**Табела**
**за вреднување на активностите на д-р Катерина Златановска при избор во звање асистент - докторанд, научната областа стоматолошка протетика, според единствените критериуми за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за периодот 2011-2014**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност (НО) | Поени |
|---|---|---|
| | **Избран звање помлад асистент** | **10** |
| | Вкупно | **10** |

| Ред. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно -уметнички активности (НИ) | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | Број | Поени | Број | Поени | Вкупно |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) во земјава и во странство<br>**Постер:**<br>(во странство: 2,3,6,7,12,13)<br>**Усни**: (во земјата : 4,5,8,15;<br>Во странство: 11) | **4** | **1** | **7** | **1,5** | **14,5** |
| 19. | **Член на организационен или научен одбор на научен собир**<br>**(Научен симпозиум:** „Ризични пациенти, ризични состојби во стоматологијата” ФМН, УГД) | **1** | **1** | | | **1** |
| | **Вкупно** | | | | | **15,5** |

| Ред. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (САОР) | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | Број | Поени | Број | Поени | Вкупно |
| 5. | **Труд во стручно (научно-популарно) списание**<br>(во земјата: 16-18, 20-22<br>во странство: 19) | **6** | **2** | **1** | **2** | **14** |
| 8. | **Учество на стручен собир со реферат (постер/усно)**<br>**Постер**: (во земјата: 1,9,10) | **3** | **0,5** | | | **1,5** |
| 13. | **Учесник во научен проект (максимум во три проекти)**<br>2014 – Dental morphology of human permanent teeth: external and internal anatomy of roots and root canal system – an experimental study | **1** | **5** | | | **5** |
| 27. | **Член на универзитетски или владини тела**<br>2012/13; 2013/14 - Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус на студии на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип | **2** | **2** | | | **4** |
| 28. | **Член на факултетски орган, комисија**<br>2013/2014 - Комисија за проверка на студентски досиеја на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип | **1** | **2** | | | **2** |
| | **Вкупно** | | | | | **26,5** |
| | **Вкупно бодови од сите области** | | | | | **52** |

**Табела**
**за вреднување на активностите на д-р Јулија Заркова при избор во звање асистент-докторанд за научната областа стоматолошка протетика, според единствените критериуми за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за периодот 2011-2014**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | | | | | |
| | **Избран звање помлад асистент** | **10** | | | | |
| | Вкупно | **10** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **9.** | **Учество на научен собир со реферат (постер/усно) во земјава и во странство** Постер: (во земјава: бр. 9 во странство: 1,5,7,8,13,14,15,16,17,) Усни: (во земјава : 6,10.18; Во странство: 4,19) | 4 | 1 | 11 | 1,5 | **20,5** |
| 19. | Член на организационен или научен одбор на научен собир (научен симпозиум: „Ризични пациенти, ризични состојби во стоматологијата” ФМН, УГД) | 1 | 1 | | | **1** |
| | Вкупно | | | | | **21,5** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 5. | Труд во стручно (научнопопуларно) **списание** (во земјава: бр. 20-24) | 5 | 2 | | | **10** |
| 8. | **Учество на стручен собир со реферат (постер/усно)** **Постери: (во земјава: бр. 2, 12)** **Усни: (во земјава: бр.3)** | 3 | 0,5 | | 1 | **1,5** |
| 13. | Учесник во научен проект **(максимум во три проекти)** 2013 Gjorgjeska Biljana, Zdravkovska M, Angelovska B, Petkovska S, Zarkova J, Ivanovska V. Употреба на антисептици и средства за дезинфекција во здравствените институции во Република Македонија во период од пет години. ФМН, УГД. 2014 Dimova C, Zdravkovska M, Bosnakovski D, Popovska L, Kovacevska I, Kostadinovik S, Papakoca K, Serafimov A, Zarkova J, Zlatanovska K, Petrovski M, Nacev I. Дентална морфологија на хумани трајни заби: екстерна и интерна анатомија на корени и коренски канални системи – експериментална студија. ФМН,УГД | 2 | 5 | | | **10** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 27. | Член на универзитетски или владини тела<br>- 2012 Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип | 3 | 2 | | | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **26,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **58** |